# Апстракт

Бирократскиот модел на управување е сеуште присутен во организациите од јавниот сектор, и аналогно на тоа, во локалните самоуправи во Р.Македонија. Иако во минатото функционирал беспрекорно односно бил замислен како идеален начин на управување со јавните ресурси, денес, како резултат на променетите внатрешни и надворешни услови на работење, тој мора да се менува.

Новиот јавен менаџмент претставува современа филозофија на управување со јавните ресурси, во организациите на локално или национално ниво. Принципите за кои се залага претставуваат основа на реформите и нивната примена во локалните самоуправи во Р.Македонија е од непроценливо значење за севкупниот политички, економски, социјален и културен развој во Р.Македонија.

Во апсолутни и релативни бројки, принципите на новиот јавен менаџмент во локалните самоуправи во Р.Македонија се широко прифатени од страна на градоначалниците. Тоа само по себе зборува за високата подготвеност на градоначалниците за прифаќање на промените и преземање на конкретни активности за примена на реформските принципи во локалните самоуправи во Р.Македонија.

Варијабилите коишто се поврзани со обемот на примена на реформските принципи во локалните самоуправи во Р.Македонија ги претставуваат карактеристиките на градоначалникот (декларативна поддршка), локалната самоуправа (буџет, услуги, вработени) и локалната заедница (население).

Во оние локални самоуправи во Р.Македонија во кои градоначалникот повеќе декларативно и идеолошки се залага за примена на принципите, во кои бројот на вработени на неопределено работно време се зголемува, каде буџетот расте, обемот на услуги се зголемува и каде бројот на локалното население постојано расте, дотолку обемот на акции односно потфати од страна на градоначалникот за примена на принципите на новиот јавен менаџмент ќе биде поголем.

**Клучни зборови:** бирократија, нов јавен менаџмент, принципи, јавен сектор, локална самоуправа, управување, градоначалник, варијабили, модел, корелација, анкетно истражување, административни податоци, регресиона анализа, хипотези, теорија, SPSS, дијаграм на растурање, статистичка значајност, коефициент на корелација, кодирање, квантифицирање.

# Abstract

The bureaucratic model of management is still present in the public sector organizations, and accordingly, in local governments in R. of Macedonia. Besides the fact that in the past was functioning very successfully, in other words was imagine as an ideal way in managing the public resources, today as a result of rapidly changing internal and external conditions of everyday functioning, he must be changed.

The new public management is a contemporary management philosophy in managing the public resources in the organizations on local or national governmental level. The principles that he declares for are reform based and their implementation in local governments in the R. of Macedonia is of valuable importance for the overall political, economic, social and cultural development of the R. of Macedonia.

In absolute and relative numbers, the principles of new public management in local governments in the R. of Macedonia are widely accepted by the local government mayors. That speaks that mayors are highly prepared for introducing changes and to undertake activities that will facilitate the implementation of the pro-reform principles of new public management in their local jurisdictions.

The variables that are connected with the scope of implementation of the reform principles in the local governments in the R. of Macedonia are representing the characteristics of the mayor (declarative support), local government (the budget, services, employees) and local community (local residents).

In those local governments in the R. of Macedonia, where the mayor's declarative and ideological support is higher, the number of full-time employees increases, the budget is growing, the scope of local services is widening, and where the local population permanently increases, the scope of implementation or number of actions that the mayor will undertake in order to introduce the new public management principles in local government will be higher.

**Key words:** bureaucracy, new public management, principles, public sector, local government, management, mayor, variables, model, correlation, survey research, administrative data, regression analysis, hypothesis, theory, SPSS, scatter-plot diagram, statistical significance, correlation coefficient, coding, quantifying.